# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНАЛИТИКА НА ЛЕКОВИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2502-35/7 од 21.1.2014 год., донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на помлад асистент / асистент за научната област *аналитика на лекови* во состав:

- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, председател, редовен професор, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- доц. д-р Зорица Арсова, член, насловен доцент, вработена во Институт за јавно здравје во Скопје;
- доц. д-р Весна Костиќ, член, насловен доцент, вработена во Институтот за јавно здравје во Скопје.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 25.12.2013 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на помлад асистент/асистент за научната област *аналитика на лекови* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се пријавија следниве кандидати:

1. **Софија Петковска,** дипломиран фармацевт, магистер по природни и технички науки, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
2. **Милена Андова,** магистер по фармација, вработена во ПЗУ Аптека „Пролек фарм“, Карбинци.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Софија Петковска** е родена на 15 октомври 1980 година во Штип. Додипломските студии по фармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје ги завршува на 20 јули 2007 година и се стекнува со назив дипломиран фармацевт.

Од 2008 до 2009 година работи во „Реплек фарм“ - Скопје, во Одделот за течни и полуцврсти дозирани форми како супервизор, каде што се стекнува со искуство во координација и организација на производството во фармацевтската индустрија.

Од 2009 до 2010 година работи во „Џонсон мети“ - Скопје, во Одделот за рафинирање и добивање на благородни метали како супервизор во производство за добивање на благородни метали каде што се стекнува со искуство во фармацевтско-хемиска индустрија.

Од 2010 година работи на Факултет за медицински науки како лаборант на студиската програма за фармација при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, каде што се стекнува со искуство во образованието. Учествува во сите подготовки за изведување на наставата по предметите аналитика на лекови, добра лабораториска практика, регистрација на лек, стабилност на лекови, општа биохемија, клеточна биохемија и изолација на природни производи.

Во учебната 2010/2011 м-р Софија Петковска се запишува постдипломски студии на Факултетот за природни и технички науки, студиска програма индустриска логистика, а на 6 ноември 2013 г. се стекнува со академско звање магистер по технички науки-

индустриска логистика со одбрана на магистерски труд од областа на обезбедувањето на квалитетот со наслов „Имплементација на стандардот за управување со квалитет ИСО 9001 во здравствениот сектор во Р. Македонија“.

М-р Софија Петковска активно се служи со англискиот јазик. Има одлично познавање на работа со компјутери, користејќи ги апликативните програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point).

Поседува сертификати за специјалист и интерен проверувач на стандардот за менаџмент со квалитет ISO 9001: 2008.

Таа е член на референтни професионални и стручни асоцијации, како што се Фармацевтската комора на и Фармацевтското друштво Р. Македонија.

М-р Софија Петковска учествува на многубројни симпозиуми, сертифицирани работилници и едукативни курсеви и обуки како:

- Школа за практикување на клинички интегрирана медицина базирана на докази, 12-13.5.2012, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за медицински науки;
- ТРЕТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ВО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА на тема „Улогата на интелектуалната сопственост во здравствените системи“ - Скопје, 19 ноември 2012;
- „Стандарди, квалитет и глобална конкурантност”, Graham Halloway, ISO експерт, Институтот за стандардизација и акредитација, Скопје, 20 мај 2012;
- Training and workshops for ISO 9001:2008 (Quality Management Standard), October 2011, TUV - Rheinland Group, Germany;
- Training and workshops for Integrating IT tools into teaching, Ph. D. William Warrick, June 2011, University “Goce Delcev”, Stip, Macedonia.

М-р Софија Петковска активно учествува во проектот на Владата на Република Македонија за превод на странска стручна литература во 2011 и 2012 година со превод на книгите Advanced Dairy Chemistry Volume 3: Lactose, Water, Salts and Minor Constituents, Third Edition, Edited by P. L. H. McSweeney and P. F. Fox *University College, Cork, Ireland,* Springer и Dairy Science and Technology, Second Edition, Pieter Walstra Jan T. M. Wouters Tom J. Geurts, Taylor Si Francis Croup, Boca Raton London New York.

Учествува во проектот на Министерството за образование на Р. Македонија за екстерно испитување на учениците во средените училишта во Р. Македонија како надворешен контролор на прашањата за учениците од средно стручно - насочено образование за фармација.

Од 2013 година е учесник на научноистражувачкиот проект на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип; „Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години“.

Од 2012 година м-р Софија Петковска е секретар на вториот циклус студии на Факултетот за медицински науки, член на Комисијата за упис на студенти во учебната 2010/2011 и 2011/2012 и член на Комисијата за преглед на досиејата за дипломирани студенти на Факултетот за медицински науки.

М-р Софија Петковска активно учествува со свои трудови и презентации на конференции, конгреси во земјава и во странство, како автор и коавтор и во прилог на документацијата ги доставува следниве трудови за рецензија:

1. **Софија Петковска**, Биљана Ѓорѓеска, Применливост на системите за управување со квалитет во здравството, Фармацевтски информатор бр.35, Скопје, Македонија, 2013, 28-29

Во овој труд од областа на обезбедување на квалитетот во целокупниот здравствен сектор авторите ги презентирале очекуваните бенефити од имплеметирање на стандардот ISO 9001. Трудот има стручна вредност.

2. **Sofija Petkovska**, Biljana Gjorgjeska, The significance of the quality management system in making management decisions, The Third International Scientific Congress, Collection of works of the Congress on the theme pp 25 - 28, ICON BEST 2013, Skopje, Macedonia, October 2013, oral presentatiton

Во овој труд е истакната потребата од имплементација на системот за управување со квалитет при носењето важни менаџерски одлуки. Трудот поседува стручен, научен и апликативен карактер.

3. **Sofija Petkovska**, Biljana Gjorgjeska, Use of antiseptics and disinfectants in public clinical hospital – Stip, R.Macedonia from 2007 to 2011, 2nd International Conference on Microbial Diversity: Microbial Interactions in Complex Ecosystems, 23 - 25.10.2013, Turin - Italy/Rectorate of Univerity of Turin

Во овој труд авторите презентирале оригинални резултати за употребата на антисептиците и дезинфициенсите во клиничката болница во Штип во петодишен период. Трудот има стручен, научен и апликативен карактер.

4. **Sofija Petkovska**, Biljana Gjorgjeska, Use of antiseptics and disinfectants in public institutions in the R. Macedonia in the period from 2005 to 2010, FIP World Congress 2013, abstract No. 717, Dublin, Ireland, September 2013

Во овој труд авторите презентирале оригинални резултати за користењето на антисептиците и дезинфициенсите во повеќе различни институции во Република Македонија во споредба со ефектите што се добиени од употребата во смисил на појава и справување со болничките инфекции. Трудот има стручна и научна вредност.

5. **Petkovska S**., Gjorgjeska B., Стандардизација на квалитетот на услугите и важноста на ISO 9001 во фармацевтскиот сектор, Фармацевтски информатор, Скопје, Македонија

Во овој труд од областа на обезбедување на квалитетот во фармацевтскиот сектор авторите ги презентирале очекуваните бенефити од имплеметирање на стандардот ИСО 9001. Трудот има стручна вредност.

6. **Sofija Petkovska**, Julija Zarkova, Biljana Gjorgjeska, USE OF ANTISEPTIC MOUTH RINSES AMONG DENTAL STUDENTS, Scientific program and Proceedings of 18$^{th}$ Congress of the Balkan Stomatological Society, BaSS 2013, 25-27 April 2013, Skopje, Macedonia

Во овој труд од областа на превенција на инфекциите во стоматологијата авторите презентирале оригинални резултати за употребата на антисептичките раствори за уста помеѓу студентите на дентална медицина. Трудот има стручна и научна вредност.

7. **Petkovska S**, Gjorgjeska B, Scientific-professional symposium at the Faculty of Medical science at University Goce Delcev, symposium is accredited by the Medical and Pharmaceutical Chamber of the Republic of Macedonia, BENEFITS OF IMPLEMENTATION OF ISO 9001 QUALITY SYSTEM IN THE HEALTH SECTOR, Stip, December 21, 2012

Во овој труд од областа на обезбедувањето на квалитетот авторите ги презентирале можните бенефити од имплеметирање на стандардот ИСО 9001 во здравствен сектор. Трудот е од стручен, научен и апликативен карактер.

8. **Petkovska S,** Gjorgjeska B, "Economic Cost Effectiveness of the Implementation of the Quality Standard ISO 9001 in the Health Sector", Journal of Modern Accounting and Auditing, ISSN:1548-6583, Paper No.: JMAA-E12110802, accepted December 14, 2012

Трудот претставува прегледно согледување на имплементацијата на ИСО 9001 во здравствениот сектор. Направена е проценка за вложувањата во однос на корисноста. Трудот има научна и стручна вредност.

9. **Petkovska S,** Gjorgjeska B, "Analysis of the implementation of vocational specialist studies for medical professions at the Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delchev" - experiences and needs", Conference paper published in IRDO Proceedings, abstracts in hard copies (with CIP, ISBN/ISSN), as a book in the IRDO's series 'Družbena odgovornost / Social responsibility', The 8th IRDO international conference SOCIAL RESPONSIBILITY AND CURRENT CHALLENGES 2013: EDUCATION AND COMMUNICATION FOR MORE SOCIAL RESPONSIBILITY, 7th - 9th March 2013, Maribor, Slovenia, accepted December 27, 2012

Во овој труд на оригинален начин се прикажани и анализирани резултатите кои Факултетот за медицински науки во Штип ги има постичнато преку работа со студентите на стручните специјалистички студии од втор циклус. Трудот има стручна, научна и апликативна вредност.

10. **Petkovska S**., Despodov Z., Gjorgjeska B., Zdravkovska M., Process of purification of motor oil and its use as an ecological fuel, EN-30 (Environmental Chemistry), XXII - Congress of Chemist and Technologists of Macedonia, Ohrid 5-9 September 2012

Во трудот авторите ја покажале можноста за прочистување на моторното масло и неговата употреба како еколошко гориво, како и предностите за заштитата на човаковата околина. Трудот има стручно и апликативно значење.

11. Biljana Gjorgjeska, **Petkovska Sofija**, Introducing HACCP in food production and ways to control compliance in Republic of Macedonia, Balkan Medicine Week, Nis, Serbia, 14-16 September 2012

Анализирајки го воведувањето на HACCP стандардот во производството на храна во Република Македонија авторите ги истакнуваат предностите од неговата имплементација. Трудот има стручен, научен и апликативен карактер.

12. **Petkovska Sofija**, Gjorgjeska Biljana, ECONOMIC COST-EFFECTIVENESS OF THE IMPLEMENTATION OF THE QUALITY STANDARD ISO 9001 IN THE HEALTH SECTOR, INTERNATIONAL CONFERENCE FOR BUSINESS, ECONOMICS AND FINANCE, Stip, R. Macedonia, September 13-15 2012, CONFERENCE PROCEEDINGS (full paper), pp. 266-272, oral presentatiton

Во овој труд од областа на обезбедувањето и контролата на квалитетот во здравствениот сектор авторите ги презентирале економските придобивки од имплементација на стандардот ИСО 9001. Трудот има стручна, научна и апликативна вредност.

13. Gjorgjeska Biljana, **Petkovska Sofija**, Zdravkovska Milka, Use of antiseptics and disinfectants in public institutions in the eastern part of the R. Macedonia in the period from 2005 to 2010, Days of Preventive Medicine, XLVI International Congress, Nis, Srbija, 25-28 September 2012

Во овој труд од областа на превентивната здравствена заштита авторите ги анализирале и презентирале оригиналните резултати за употребата на антисептиците и дезинфициенсите во источниот дел од Република Македонија. Трудот има стручна, научна и апликативна вредност.

14. **Sofija Petkovska**, Biljana Gorgeska, Introduction of HACCP in Macedonia key way to healthy population, 23th International ICFMN Symposium, Food Micro 2012, Global Issues in Food Microbiology Category: Consumer safety, 3-7 September, 2012 Istanbul, Turkey

Во овој труд се прикажани и анализирани оригинални резултати за имплементацијата на HACCP стандардот во производството на храна во Република Македонија. Авторите ги истакнуваат предностите од неговата имплементација за здравјето на населението. Трудот има стручен и научен карактер.

15. Zdravkovska M, Gjorgjeska B, **Petkovska S,** Ivanovska V, EVALUATION OF THE SATISFACTION THE DOCTORS HAVE ABOUT HEALTH CARE SERVICES IN THE SPECIALIZED AND CONSULTATIVE CLINICS IN SKOPJE, XVLI International congress, Days of preventive medicine, 25-28.09.2012- Nis, Srbija

Во овој труд се прикажани и анализирани оригинални резултати за задоволството на лекарите во специјализираните клиники во Скопје од здравствената заштита. Трудот има стручна и научна вредност.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Милена Андова** е родена на 3 јуни 1983 во Штип. Во учебната 2002/2003 година се запишува на студиите по фармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје. За време на студирањето била активен член на Студентскиот фармацевтски сојуз. Како член на Научноистражувачкото здраужение учествувала во проектите при Фармацевтскиот факултет во Скопје во етноботанички и фармакогностички испитувања (Проект 10, 11, 12, 13, 14) и во лабораторискота испитување на Teucrium polium.

Додипломските студии по фармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје ги завршува на 14 октомври 2010 година и се стекнува со назив магистер по фармација. На 15 јуни 2011 година положува државен испит.

Од 9 октомври 2010 до 31 декември 2012 година е вработена во ДОО „Уника“ – Штип, потоа како стручен соработник за Македонија во „Биофарм“ – Загреб и „Sebapharma – Biophard“ – Германија, каде што се стекнува со искуство во соработката со докторите по општа медицина и познавање на различни региони во Република Македонија.

Од 2 февруари 2012 година е вработена во ПЗУ Аптека „Пролек фарм“ во Карбинци како директор и носител на дејност каде се стекнала со искуство во аптекарското работење (спремање на нарачки, прием на рецепти, внесување на рецепти и издавање на лекови, фактурирање.

Милена Андова, магистер по фармација, активно се служи со англискиот јазик за што доставила уверение за завршен курс по англиски јазик – чести степен од Центарот за курсеви по англиски јазик „Нови хоризонти“ од Штип и ги познава српскиот, хрватскиот, францускиот, германскиот и италијанскиот јазик, како што е наведено во нејзината биографија.

Има и познавање на работа со компјутери, во користењето на апликативните програми од групата на Microsoft office (Word, Excel, Power Point), како и Codex програмата за работа во аптека, што е наведено во биографијата, но за ова не е доставена соодветна потврда.

Кандидатката Милена Андова, магистер по фармација, не доставила трудови за рецензија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според детална анализа на приложената документација со која се аргументирани табеларно наведените активности, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Софија Петковска ги исполнува општите, формалните и суштинските услови за звање помлад асистент од научната област аналитика на лекови.

Земајќи ги предвид сите овие факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатката м-р Софија Петковска да ја избере во соработничко звање помлад асистент од научната област *аналитика на лекови* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор,**
**Факултет за медицински науки при**
**Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател, с.р.**
**Доц. д-р Зорица Арсова, насловен доцент,**
**Институт за јавно здравје во Скопје, член, с.р.**
**Доц. д-р Весна Костиќ, насловен доцент,**
**Институт за јавно здравје во Скопје, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Софија Петковска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Превод на учебник | 2 | 10 | 20 |
| 5. | Интерна скрипта од вежби<br>Б. Ѓорѓеска, С. Петковска, Интерна скрипта за вежби по аналитичка хемија (2012)<br><br>Б. Ѓорѓеска, С. Петковска, Интерна скрипта за вежби по аналитика на лекови (2013) | 2 | 4 | 8 |
| 9. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание (бр. 1 и 5) | 2 | 2 | 4 |
| | **Вкупно** | **32** | | |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Прегледен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати)<br>бр. 8 | 1 | 5 | 5 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>бр. 9, 12, | 2 | 2 | 4 |
| 7. | Секциско предавање на научен собир<br>Бр. 2 | 1 | 2 | 2 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>бр. 3, 4, 14, 15, 11, 13 (во странство)<br>бр. 10, 7, 6 (во земјавта) | 4<br>3 | 1<br>1,5 | 4x1+3x1,5 = 8,5 |
| 11. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| 13. | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>Проект на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип „Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години“ | 1 | 2 | 2 |
| | **Вкупно** | **25,5** | | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>Проектот на Министерството за образование на Р. Македонија за екстерно испитување на учениците во средените училишта во Р. Македонија како надворешен контролор на прашањата за учениците од средно стручно - насочено образование за фармација. | 1 | 5 | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Изготвување на извештаи од анализи<br>Надворешен соработник-контролор на прашања/задачи за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование (гимназиско, средно уметничко, средно стручно образование со тригодишно и четиригодишно траење) за фармација - Државниот испитен центар во 2013 (400 проверени прашања за државна матура) | 400 | 0,1 | 40 |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела<br>1. Член на Комисија за доделување на ваучери – Министерство за информатичко општество<br>2. Претседател на Изборна комисија – Државна изборна комисија | 2 | 5 | 10 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија<br>**1.** Секретар на втор циклус на ФМН<br>**2.** Член на Комисија за упис на студенти во учебната 2010/2011 и 2011/2012<br>**3.** Член на Комисијата за преглед на досиејата за дипломирани студенти на Факултетот за медицински науки | 3 | 2 | 6 |
| | **Вкупно** | **61** | | |
| **Вкупно (наставно-образовна дејност, научноистражувачка дејност, стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност)** | | **118,5** | | |